**2021056847**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став 1 алинеја 1 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19 и 275/19), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И ИЗГЛЕДОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА НА РАБОТНИК ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СО СТАТУС НА ОВЛАСТЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНИ РАБОТИ И РАБОТНИК ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СО СТАТУС НА ОВЛАСТЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за формата и изгледот на службената легитимација и значка и за начинот на издавање на службената легитимација и значка на работник во Министерството за внатрешни работи со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи и работник во Министерството за внатрешни работи со статус на овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/15), во насловот на Правилникот зборовите „И РАБОТНИК ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СО СТАТУС НА ОВЛАСТЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ“ се бришат.

Член 2

Во членот 1 зборовите „и на работник во Министерството со статус на овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање“ се бришат.

Член 3

Во член 2 ставот 1 се менува и гласи:

„ Службената легитимација на работник во Министерството со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи е со димензии 5,5 x 9,2 см и е сместена во троделна кожна обвивка со црна боја, со димензии 7x 31 см.“

Член 4

Членот 3 се брише.

Член 5

Членот 4 се менува и гласи:

„Службената легитимација од членот 2 од овој правилник се издава за време додека работникот има статус на овластено службено лице за вршење стручни работи, согласно Законот за внатрешни работи.

Работникот во Министерството со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи на кој ќе му престане работниот однос во Министерството или ќе биде распореден на работно место кое не е утврдено со статус на овластено службено лице за вршење стручни работи, ја враќа службената легитимација на Министерството.“

Член 6

Во членот 5 по зборот „работи“ запирката и зборовите „односно работникот во Министерството со статус на овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање“ се бришат.

Член 7

Во целиот текст на Правилникот зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 8

Прилогот бр. 1 се заменува со нов Прилог бр. 1, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 9

Прилогот бр. 2 се брише.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува по една година од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 131-21737/1
4 март 2021 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**Прилог бр.1**

**Предна страна**




**Задна страна**




